**БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**
За превод и печатење на водичи и програми за обука

Почитувани,

Здружение Национален Ромски Центар (НРЦ) од Куманово објавува **„Барање за прибирање на понуди"** повикувајќи ги сите регистрирани правни субјекти, да поднесат понуди со следните содржински спецификации:

**1.Општи услови**
1.1 Набавувач на услуги: ЗГ „Национален Ромски Центар" НРЦ од Куманово со седиште во Куманово ул. „Доне Божинов" бр. 11/5.
1.2 Предмет на барањето: **прибирање понуди за превод на водичи и програми**

1.3.Национален ромски центар (НРЦ) го спроведува проектот:
**„Поддршка на социјално вклучување на младите Роми преку неформално образование II"** финансиран од страна на Еразмус + Програма, за потреби на својата канцеларија јавно го објавува ова барање преку својата интернет адреса, до сите регистрирани правни субјекти во државата.

Преводите се за учениците на тренинзите организиран од Институтот за ромска култура во Драч, Албанија . Бугарија и Македонија со старт од 29 мај - 2 јуни 2021 година во рамките на проектот и понатаму според планот за импелментација. :
„Поддршка на социјалната инклузија и на младите Роми преку неформално образование II" имплементиран од водечката организација Институт за ромска култура во Албанија во партнерство со Националниот ромски центар во Македонија и Академика 245 во Бугарија и финансиран од Европската комисија во рамките на програмата Еразмус +.

**2. Понуда**

2.1 Понудувачот треба да достави понуда во која согласно потребите на набавувачот, во понудените содржини да содржи:

Понуда за преведување на следниве четири документи:

- тренинг програма за кариерно советување обука од англиски јазик на македонски, бугарски и албански јазик. Документот содржи 35 страни, и ќе биде преведен и печатен по 15 примероци на македонски,бугарски и албански јазик.
- Водич за ромска младина и кариерно советување од англиски јазик на македонски,бугарски и албански јазик. Документот содржи 58 страни, и ќе биде преведен и печатен по 15 примероци на македонски,бугарски и албански јазик
- Тренинг програма за медиумска литерација со ромска младина од англиски јазик на македонски,бугарски и албански јазик. Документот содржи 35 страни, и ќе биде преведен и печатен по 15 примероци на македонски,бугарски и албански јазик
- Водич за ромска младина и работници на медиумска литерација од англиски јазик на македонски,бугарски и албански јазик. Документот содржи 52страни, и ќе биде преведен и печатен по 15 примероци на македонски,бугарски и албански јазик.

**3. Критериуми за избор на најповолен понудувач**:

- Најмалку 3 години потврдено искуство во областа
- Цена за преведен и печатен документ,
- Квалитет на понудените стоки и услуги,

Цената и квалитетот носат најмногу по 45 бодови, додека искуството во областа носи 10 бодови, а за добитник на повикот по барањето за доставување на понуди се смета понудувачот кој ке добие најмногу поени.
Квалитетот на понудените стоки и услуги ќе се оценува на начин што ќе се анализира видот, големината и опременоста на квалитетен и навремен превод, печатење и дизајн како дополнителните услуги кои ги нуди понудувачот,
Бодувањето на понудените цени се определува согласно процентниот соодност на најниската и највисоката понуда.

**4. Облик и содржина на понудата**

4.1 Понудата се изработува во писмен облик
4.2 Име, адреса и седиште на понудувачот на услуги, даночен број, броеви на телефон, факс, е-маил адреси за контакт како и лица за контакт.
4.3. Тековна состојба од добавувачот, не постара од една година.
4.4 Карактеристики на понудата
4.5 Рок и начинот на испорака на стоките и услугите.
4.6 Вредност на понудените содржини и услуги изразена во денари без вклучен ДДВ.
4.7 Рок и начин на плаќање

Набавувачот ќе го плати нето износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот и на надлежниот орган сите потребни документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет на добра и услуги во земјата.

Ве Молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (e-mail)на следната адреса , info@nationalromacentrum.org и elezovski@nationalromacentrum .org најдоцна до (понеделник) 24.05.2021 година

Куманово, 14.05.2021